**Уп. бр. 08-11/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт СКОПЈЕ, со седиште на ул. Востаничка 61/17, Скопје, на седницата одржана на ден 04.02.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт СКОПЈЕ, со седиште на ул. Востаничка 61/17, Скопје ќе стекне контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД, СКОПЈЕ, ул.Дрезденска Скопје, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.12.2025 година, а дополнето на 17.12.2025 година и на 21.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт СКОПЈЕ, со седиште на ул. Востаничка 61/17, Скопје, со која АУТО-АС ДОО има намера да стекне контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД, СКОПЈЕ, ул.Дрезденска Скопје, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

АУТО-АС ДОО-СКОПЈЕ е со дејност трговија на големо со делови и прибор за моторни воозила, имено истиот врши трговија и продажба на делови за моторни возила на домашниот пазар.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД, СКОПЈЕ, е со предмет на работа – инженерски дејности и поврзано техничко советување, односно истиот нуди широк опсег на услуги и обезбедува изнаоѓање на комплексни решенија за најсложени рпоекти во градежништвото.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД, СКОПЈЕ има поврзано лице и тоа – Друштво за производство на електрична енергијаГИМ Енергетика ДОО Скопје со седиште на Ул. Дрезденска бр.52 Скопје која врши производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД, СКОПЈЕ исто така поседува 100% од уделот во Приватна научна установа Институт за истражување во животната средина градежништво и енергетика.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**